# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЧНА ПОСТАПКА

**Службен весник на РМ, бр. 159 од 22.12.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за даночна постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2006 и 88/2008), во Главата седма зборот "ПРИСТИГНАТОСТ" се заменува со зборот "ДОСПЕАНОСТ".

**Член 2**

Во насловот пред членот 111 зборот "Пристигнатост" се заменува со зборот "Доспеаност".
Во ставот 1 зборот "пристигнатоста" се заменува со зборот "доспеаноста".
Во ставот 2 зборот "пристигнатост" се заменува со зборот "доспеаност".

**Член 3**

По членот 111 се додаваат шест нови наслови и шест нови члена 111-а, 111-б, 111-в, 111-г, 111-д и 111-ѓ, кои гласат:

**"Продолжување на доспеаноста**

Член 111-а

(1) Управата за јавни приходи, на барање на даночниот обврзник ја продолжува доспеаноста на плаќањето на данок кога постојат сериозни сомневања во правилноста на даночното решение или кога доспеаноста за даночниот обврзник би претставувала нарушување на неговото постоење.
(2) Продолжувањето на доспеаноста Управата за јавни приходи ја условува со гаранција за обезбедување на плаќањето.

**Причини за одлагање на плаќање на даночен долг**

Член 111-б

(1) Управата за јавни приходи, на барање на даночниот обврзник, во целост или делумно го одлага плаќањето на даночен долг на денот на доспеаноста, доколку се утврди дека извршувањето на даночните обврски би го нарушило процесот на неговото деловно работење, претставува значително оптоварување за даночниот обврзник и/или со плаќањето се нанесува битна штета на даночниот обврзник.
(2) Барањето за одлагање на плаќањето на даночниот долг мора да биде образложено.
(3) Одлагањето Управата за јавни приходи го условува со гаранција за обезбедување на плаќањето.
(4) За времетраење на одобреното одлагање на плаќање на даночен долг се плаќа камата. Пресметувањето на каматата се врши согласно со членот 123 од овој закон.

**Видови на гаранции**

Член 111-в

Членот 114 се менува и гласи:
"(1) Гаранција за обезбедување на плаќање на даночен долг е:
1) хипотека од прв ред на недвижност на даночен обврзник;

2) залог на подвижни предмети на даночниот обврзник;
3) неотповиклива банкарска гаранција и
4) гаранција од друго лице.
(2) Вредноста на гаранцијата за обезбедување на плаќањето не може да биде помала од 250% од висината на даночниот долг чија наплата се обезбедува, освен за вредноста на неотповиклива банкарска гаранција од ставот (1) точка 3 на овој член, која не може да биде помала од 100% од висината на даночниот долг чија наплата се обезбедува.
(3) Банкарската гаранција од ставот (1) точка 3 на овој член треба да е издадена од банка која при последната супервизија на Народната банка на Република Македонија била позитивно оценета со оценка од 1 до 3.

**Начин и постапка за одлагање на плаќање на даночен долг**

Член 111-г
Плаќањето на даночниот долг може да се одложи за определен рок во еднократен износ или на рати, но не повеќе од 36 месечни рати.

**Одлагање на плаќање на даночен долг**

Член 111-д
(1) Директорот на Управата за јавни приходи ќе го одложи плаќањето на даночниот долг имајќи ги предвид редовноста на даночниот обврзник при исполнувањето на даночните обврски, видот и обемот на штетата на даночниот обврзник која би настанала од извршувањето на даночниот управен акт, односно од нарушувањето на процесот на неговото деловно работење.
(2) Против решението со кое е одбиено барањето за одлагање на плаќањето на даночниот долг, даночниот обврзник има право да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

**Укинување на одобрение за одлагање на даночен долг**

Член 111-ѓ
Доколку даночниот обврзник не изврши уплата на даночниот долг во рокот одобрен за одложено плаќање, односно не уплати две последователни рати во случај на одобрено плаќање на рати на даночниот долг, Управата за јавни приходи долгот го наплатува од дадената гаранција за обезбедување на плаќањето од членот 111-в став (1) на овој закон и/или во постапка на присилна наплата.”

**Член 4**
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.